Димитрије Бужаровски

**Првиот билтен на фестивалот „Охридско лето“ 1963 година**

Некако чудесно пред три години во една неочекувана средба со Сталин Лозановски, ми спомена дека кај него дома во Охрид се наоѓа првиот билтен на фестивалот „Охридско лето“. Требаше да мине пандемијата, па во октомври минатата година да го добијам, да го скенираме и зачуваме во архивот БузАр, како еден извонредно редок, важен и интересен документ.

Објавен е на 25 јули 1963 година, ден пред големиот земјотрес во Скопје, кој ќе го наруши животот во цела Македонија, и ќе го прекине фестивалот кој веќе има планирано прва поамбициозна програма.



*Корицата и насловната страница од првиот билтен*

Билтенот започнува со неговата мисија:

> Она што сакаме да го направиме со овој Билтен е само еден мал напор „Охридското лето“ да направи уште еден чекор во своето проодување. Стремежот ни е да придонесеме барем минимално овој културен настан да застане на свои нозе, меѓудругото и преку олеснувањето на работата на сите оние што учествуваат во неговото пропагирање.

Покрај корицата и насловната страница тој содржи текст на 13 страници кои се изработени на матрици на машини за пишување кои потоа се размножени со шапирограф.

На втората страница каде што завршува воведниот текст е потпишана *редакцијата*, иако никаде натаму не стои кои се членовите на редакцијата и кој ја предводи. Меѓу нив е и Сталин Лозановски од кого го добивме билтенот.

Следува пообемен текст со прашања и одговори поставени до претседателот на Советот на Концертната дирекција на СРМ, доц. д-р Петар Тофовиќ, во кој е претставена програмата и идеите за натамошниот развиток на манифестацијата. Како што назначува и Тофовиќ:

Минатогодишната програма беше речиси експериментална, составена во кусо време со мали расположиви средства и луѓе. Скромна, но вонредно успешна, таа ни создаде морална база оваа година да бараме средства и да одбираме луѓе и програми.

Интересна е и статистиката за предвидената програма, која, за жал, не се реализирала.

Од вкупно 13 приредби 5 се дадени на македонски ансамбли или солисти, четири на други југословенски (два од Белград и по еден од Загреб и Љубљана) и четири на странски (СССР, ДР Германија, ЧСР и САД). Го жалиме од технички причини предизвиканото отсуство на Ростроповиќ и Вишњевска (СССР), Пауло Такач (Унгарија), Марија Црнобори и Скопскиот гудачки квартет.
Програмски од вкупно 137 дела кои ќе бидат изведени во текот на сите тринаесет вечери во „Св. Софија", 104 се дела од странски автори, 22 југословенски (од кои десет македонски) и 11 други словенски. Од 104 странски дела 70 се дела на стари мајстори и класиците. Ваков однос на програмата, избор и репертоар од самитеизведувачи, го почитуваат пред сѐ историското достоинство на амбиентот настојувајќи да се амалгамираат со него.

Како што се гледа и од билтенот, клучната организациска улога ја имала Концертната дирекција, но, од друга страна, почнувајќи уште од првиот настап (програмата за концертот е печатена со назнака на Домот на културата), изгледа дека и Охридскиот Дом на културата бил подеднакво вклучен. Дури од 1964 година финално ќе се формира Дирекцијата на фестивалот како независна институција со нејзин директор Миле Волкановски.

Следната рубрика ги содржи искажувањата на познатите уметници (кои настапуваат во програмата): Мирослав Чангаловиќ, Јута Вулпиус (сопран) и Ханс Пишнер (чембалист) од Берлин (во забелешката стои дека настапиле „во состав на познатото Берлинер трио"). Со нив ќе започне стандардната низа на пофалби за прекрасната акустика, амбиентот на црквата и топлиот прием од публиката, кои ќе се повторуваат со децении до денес.

Најкуриозитетен беше делот насловен „низ архивата на Охридско лето".


- 9 -
стари мајстори би ги изведувал и современите."
(Напомена:Јута Вулпиус и Ханс Пишнер настапија во состав на познатото "Берлинер трио")
- о -

НИЗ АРХИВАТА НА "ОХРИДСКО ЛЕТО"

"...Јас би му честитал и заблагодарил на оној,кој прв ја покрена иницијативата за одржување концерти во "Св.Софија",ова прекрасно место за ваков вид манифестации."
М.Чангаловик

"...Ете така,еден сончев јулски ден пред две години,поточно на 5 јули 1961 година,по иницијатива на Концертната дирекција на Македонија беше одржан првиот концерт на Ана Липша - Тофовик со пијано придружба на Ладислав Перлдик.

Иако изненадени од малку чудната покана за концертирање,љубопитната публика до последно место ја исполни црквата "Св.Софија".Меѓутоа,по завршувањето на концертот сите со некакво чудно задоволство,колку од успешниот настап на алтот Ана Липша - Тофовик,толку повеќе и од вонредната акустичност на црквата која овозможи ретко и несекојдневно доживување за љубителите на овој вид музика.Тогаш веќе беше означен почетокот на една активност од која многу ке се очекува.Така зачестија одржувањата на концерти во оваа веќе концертна сала.Изводбите кои се повеќе го привлекуваа вниманието на музичките експерти беа надополнети со концертните настапи на хорот "Белградски мадригалисти" под диригентството на Димитрије Стефановик и повторниот концерт на Ана Липша - Тофовик,кои настапија во рамките на приредбите на XII светски византолошки

*Делот на билтенот „Од архивата..." со мотото од Чанѓаловиќ и означувањето на првиот концерт на Ана Липша Тофовиќ на 5 јули*

По мотото на Чангаловиќ кој му честита на оној што ги иницирал настапите во црквата Света Софија, започнува пасус со наводници и три точки (наводниците натаму не се затворени до крајот на делот и останува нејасно дали е тоа нечиво искажување):

> "...Ете така, еден сончев јулски ден пред две години, поточно на 5 јули 1961 година, по иницијатива на Канцертната дирекција на Македонија беше одржан првиот концерт на Ана Липша - Тофовик со пиано придружба на Ладислав Перлдик.
> Иако изненадени од малку чудната покана за концертирање, љубопитната публика до последно место ја исполни црквата „Св.Софија“. Меѓутоа, по завршувањето на концертот сите со некакво чудно задоволство, колку од успешниот настап на алтот Ана Липша - Тофовик, толку повеќе и од вонредната акустичност на црквата кои овозможија ретко и несекојдневно доживување за љјубителите на овој вид музика.

Прецизното наведување на датумот 5 јули значително се разликува од востановениот термин за почеток на фестивалот – 4 август, за кој во повеќе наврати говори Ана Липша Тофовиќ.

4 август се појавува и во програмчето објавено во монографијата *Охридско лето 1961–1985*.


ОХРИД
4 VIII 1961
КАТЕДРАЛНА ЦРКВА „СВЕТА СОФИЈА“

ДОМ НА КУЛТУРА „МОША ПИЈАДЕ“
Сезона 1961

Ана Тофовиќ - Липша

ВЕЧЕР
НА СТАРИ КОНЦЕРТНИ АРИИ

на пијано
Ладислав Перлдик

Почеток во 20,30 часот

ПРОГРАМА

STRADELLA — Pieta, Signore
ROSSI, Mitrane — Ah, rendi mi quel co...
HÄNDEL, Ezio — Nasce al bosco...
HÄNDEL, Xerxes — Ombra mai fu...
MOZART, Titus — Deh per questo...

BEETHOVEN — Ah, perfido

G L U C K, Orpheus — Chiamo il mio be...
G L U C K, Orpheus — Deh, placatevi co...
G L U C K, Orpheus — Che faro senza E...

*Програмчето за првиот настап објавено во монографијата за Охридско лето 1961–1985*

Но, ако се погледа и во него има збунувачки детали. Најнапред е името Ана Тофовиќ - Липша (промената на редоследот на презимињата, што не е случај со билтенот објавен две години подоцна во 1963 година). Потоа појавата на организаторот на настанот – Дом на култура „Моша Пијаде“ (секаде за овој настан се наведува приватната иницијатива на ПетарТофовиќ со Ана Липша Тофовиќ поддржана од група уметници пријатели на семејството), и на крајот, редоследот на страниците (доколку се работело за нивно превиткување, или се работи за монтажа).

До крајот на билтенот следат најави за манифестациите што претстојат, а последната страница е резервирана за содржината на следниот број на билтенот кој бил предвиден за 30 јули, но, како што кажавме, поради катастрофалниот земјотрес во Скопје фестивалот натаму е откажан.


Во идниот број на Билтенов меѓу другото

донесуваме:

- Разговор со Аспарух Каневче,претседател на Републичкиот одбор за маратонско пливање;

- Избадоци за досегашните оценкина печатот и радиото за "Охридското лето";

- Рубриката "Познати уметници за "Охридското лето";

- Интервју со Димо Шумка,академски сликар чија изложба на бетонска пластика ќе биде отворена на 27 јули;

- Искажувања на кореографот на КУД "Светозар Марковиќ" од Нови Сад за Охридскиот фестивал на народни песни и ора;

- Вести и информации за ансамблите чие гостување претстои.

Вториот број на Билтенов ќе излезе во вторник на 30 јули.

*Најавата за следниот број на билтенот*

Владо Чучков објавува текст со наслов „Мошне корисна иницијатива“ во *Нова Македонија* на 9 август, иако не е наведено кога бил настанот (што сепак оди во прилог дека се одржал во август, а не во јули).

Имајќи предвид дека објавувањето и дистрибуирањето на текстови во тоа време поминувало повеќе контроли, и дека се претпоставува дека Петар Тофовиќ го прегледал билтенот, останува енигмата зошто во билтенот се наведени овие податоци.

На крајот, потрагата по вистинскиот датум, нѐ поттикна да се обидеме да го лоцираме и инструментот (пијано) на кој е изведен првиот настап. Со сигурност се знае дека тоа било пијаното од хотелот „Српски Краљ“ кој бил урнат кон крајот на 1950-тите години. Не можевме да утврдиме каде било однесено пијаното по уривањето и што се случило со него по концертот. Во семејството на Радиќ (кое го поседувало хотелот) го лоциравме пијаниното со кое е придружуван настапот на Ана Липша Тофовиќ, во септември истата година, во рамките на Византолошкиот конгрес, исто така во црквата Света Софија, каде како пијано придружба се јавува Ладислав Палфи.



*Пијаниното на кој е одржан вториот настап на Ана Липша Тофовиќ во септември 1961 година е купено пред Втората светска војна од продавницата за инструменти на Петар Османлијевиќ во Битола и денес е во добра состојба.*

Без разлика на финалниот датум, настапот кој води кон основање на фестивалот„Охридско лето“ се одржал летото 1961 година и со тоа може да се заокружи приказната за почетоците на фестивалот. Но, она што го наметнува и овој случај е прашањето за собирањето и дигитализирањето на важните податоци за нашата културна историја, и тоа во формати за кои важат меѓународните норми, проследени со соодветни дигитални бази со метаподатоци. Непрестано повторуваме дека тоа е единствен начин да влеземе во новата културна историја која ќе ја креира вештачката интелигенција.

Охрид, 3 јуни 2023 година